# ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ЗАБОЛЕНИ ЛИЦА ОД ГОЛЕМА КАШЛИЦА ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024 ГОДИНА, ЗАКЛУЧНО СО 29.02.2024

**Неделни податоци**

Во периодот од 23-29.02.2024 година пријавени се 56 нови случаи на голема кашлица. Во однос на географската дистрибуција, најголем дел од случаите се пријавени во рамките на епидемијата во Скопје (n=54), а пријавени се случаи и во Струмица (n=1) и Дебар (n=1).
Возраста на заболените се движи од 0 до 70 години, а најголем број на случаи се од возрасните групи деца од 10-14 години (n=16).
Од новите 56 случаи, 3 случаи (5,4%) се хоспитализирани (2 деца на возраст под 1 година и едно од возрасната група од 1-4 години).

**Кумулативни податоци**

Заклучно со 29.02.2024, во РСМ се регистрирани вкупно 123 случаи на голема кашлица, со инциденца од 6,7/100 000 жители.
По однос на место на живеење, најголем број лица живеат во Скопје - 109 (88,6%) во девет различни општини, 5 лица се од Тетово, 4 лица живеат во Куманово, во Гостивар два и по еден случај е регистриран од Струга, Струмица и Дебар.
Заболените лица се на возраст 1 месец до 70 години (медијана 11,3 години). Најголем број заболени се деца на возраст до 4 години, односно 20 случаи (16,3%) припаѓаат на возрасната група под 1 година, а 17 (13,8%) се деца на возраст од 1 до 4 години, а од возрасната група 10-14 години се пријавени 28 случаи (22,8%).
Првиот пријавен случај е на 05.01.2024, а само во последните 7 дена се пријавени 56 случаи, 2 пати повеќе во однос на претходниот неделен период за пријавување.
Од вкупниот број на регистрирани случаи (123), 77 случаи (односно 62,6%) не биле вакцинирани, не се комплетно вакцинирани согласно возраста или нема доказ за вакцинација.
Од заболените, регистрирани се 27 лица со хоспитализација (22,0%) и тоа 22 (81,5%) од нив на возраст до 4 години.

## Спроведени активности за вакцинација со вакцина која содржи компонента на голема кашлица на територија на Град Скопје и Републиката

Согласно препораките од Комисијата за заразни болести и Институтот за јавно здравје, во периодот од 18.01.2024 досега, сите вакциналните пунктови во земјата, во соработка со епидемиолошките служби од ЦЈЗ, вршат интензивно избарување на неевидентирани, невакцинирани и некомплетно вакцинирани лица, како и на лицата кои подлежат на редовна вакцинација, со цел нивно повикување и вакцинирање согласно националниот Календар за имунизација.

***Скопје - број на вакцинирани лица од 18.01-29.02.2024***

Согласно податоците доставени од ЈЗУ Здравствен дом – Скопје, од Службите за вакцинација (Гази Баба, Чаир Карпош, Кисела Вода и Центар) беше утврдено дека се пронајдени 13.184 деца **пропуштени за вакцинација. Од нив вакцинирани се 5.056** (38,3%). Од вакцинираните, најголем број и процент примиле I-ва ревакцина (2.492; 49,3%).

Согласно возраста и Календарот за **редовна вакцинација, вакцинирани се 7.690** деца на возраст до 7 години, а најголем број и процент (4.729; 61,5%) од вакцинираните деца примиле I, II или III доза на примовакцинација.

Вкупниот број на дози вакцина која содржи компонента против голема кашлица, дадени како примовакцинација (I,II,III доза) или ревакцинација (I,II ревакцина) на територија на Скопје во периодот од 18.01-29.02.2024 изнесува **12.746**.

***Северна Македонија (без Скопје) - број на вакцинирани лица од 18.01-29.02.2024***

Од доставените податоци од Центрите за јавно здравје, пронајдени се 7.143 деца **пропуштени за вакцинација, од нив се вакцинирани 2.164** (30,3%). Од вакцинираните, најголем број и процент примиле I-ва ревакцина (1.022; 47,2%).

Согласно возраста и Календарот **за редовна вакцинација, вакцинирани се 7.485 деца** на возраст до 7 години, а најголем број и процент (2.484; 33,2%) од вакцинираните примиле II ревакцина на школска возраст.

Вкупниот број на дози вакцина која содржи компонента против голема кашлица, дадени како примовакцинација (I,II,III доза) или ревакцинација (I,II ревакцина) во периодот од 18.01-29.02.2024 изнесува **9.649**.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**

**01.03.2024** **Институт за јавно здравје на РСМ**